**До: Сите заинтересирани страни**

# Ј А В Е Н  О Г Л А С

**За ангажирање на стручно лице/обучувач за дводневна обука за градење на комуникациска стратегија**

Почитувани,

Организација ЖЕНА Делчево, во рамките на проектот „Зајакнување на правната писменост на жените од руралните и маргинализираните заедници во Делчево“, проект спроведуван од Организација ЖЕНА Делчево, а финансиран од Kvinna till Kvinna Foundation и Шведска, објавува јавен оглас за ангажирање на едукатор/обучувач **за градење на комуникациска стратегија**, како дел од активноста *„Зајакнување на организациските капацитети“*.

Обуката е наменета за членовите на извршната канцеларија и на управните органи на Организација ЖЕНА Делчево и ќе се одржи во период од 10-12 ноември 2025 година.

**Опис на обуката:**

Обуката ќе се фокусира на развој и практична примена на алатки за јавна комуникација, дигитално присуство, односи со јавноста и соработка со медиумите, со цел зајакнување на јавниот глас и препознатливоста на организацијата ЖЕНА Делчево. Преку комбинација на теоретски содржини, интерактивни вежби и тимски активности, учесниците треба да развијат комуникациска стратегија која ќе ја унапреди јавната видливост и транспарентност на организацијата.
Дел од обуката ќе биде посветен и на тим билдинг активности преку кои ќе се разгледаат постигнувањата во 2025 година и ќе се поттикне внатрешната кохезија, мотивацијата и колективната визија за иднината.

**Цели на обуката:**

- Да се зајакнат комуникациските капацитети на организацијата преку развој на ефективна комуникациска стратегија.
- Да се подобри јавната препознатливост и позиционирање на организацијата во локалната заедница и пошироко.
- Да се унапреди внатрешната координација и тимска комуникација меѓу членовите на извршната канцеларија и управните органи.
- Да се поттикне транспарентноста и конзистентноста во јавните настапи и комуникацијата со медиумите и институциите.

Проект:„Зајакнување на правната писменост на жените од руралните и маргинализираните заедници во Делчево“ е проект спроведуван од Организација ЖЕНА Делчево Овој проект е финансиран од Kvinna till Kvinna Foundation и Шведска.

- Да се создаде основа за долгорочна организациска култура заснована на јасна комуникација, доверба и ефективна соработка.

**Критериуми за стручно  лице/обучувач:**

- Докажано искуство во одржување обуки на теми поврзани со градење на комуникациска стратегија
- Познавање на националните и локалните стратегии за родова еднаквост
- Исклучителни комуникациски и презентациски вештини.
- Способност за адаптирање на програмата во согласност со потребите на учесниците.

**Начин на аплицирање:**

Заинтересираните кандидати треба да достават:

1. Биографија (CV) со релевантно искуство.
2. Краток концепт за пристапот во реализацијата на обуката (максимум 1 страница).
3. Финансиска понуда.

**Рок за аплицирање:**

Крајниот рок за поднесување на апликациите е **05.11.2025 год.** Документите се испраќаат на **ozdelcevo@gmail.com** со назнака **„Апликација за стручно лице/обучувач/ка“**.

Само селектираните кандидати ќе бидат контактирани.

Проект:„Зајакнување на правната писменост на жените од руралните и маргинализираните заедници во Делчево“ е проект спроведуван од Организација ЖЕНА Делчево Овој проект е финансиран од Kvinna till Kvinna Foundation и Шведска.